РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-13141
03.12. 2025 год
П Е Х Ч Е В О

ЗАПИСНИК

ОД БУЏЕТСКИ ФОРУМ за 2026

ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Датум: 24.11.2025 година **Место:** Ресторан Тропик **Час:** 10:00

Присутни граѓани: Вкупно 60

Мажи: 21 Жени: 39

Модератор – Борис Шарковски **Ко-модератор** – Невенка Лонгурова Гирова

Форумската сесија ја имаше следнава агенда

10:00-10:15
- Добредојде на присутните и вовед во програмата

10:15-10:45
- Презентација на буџетскиот форумски процес
- Утврдување структура на форумот/ распределување по работни маси
- Утврдување на начела за работа

10:45-12:00
- Процес на буџетирање – претставник на општина Пехчево
- Структура на буџетот на општина Пехчево – претставник на општина Пехчево
- Преглед на реализацијата на буџетот за 2025 (заклучно со трет квартал)
- Приоритетите за развој на општината за 2026 год

12:00 – 12:30
- Пауза

12:30-13:30
- Дискусија по работни маси за приоритетни проекти за 2026
- Презентација

13:30-14:00
- Следни чекори
- Оценка на форумската сесија
- Коктел

На почетокот на форумската сесија се обрати Елица Јовевска вработена во општина Пехчево, која ги поздрави присутните, граѓаните на општина Пехчево, претставници на бизнис секторот, претставници од политичките партии, претставници од институциите, НВО секторот, советниците на општината, општинската администрација, и им посака добредојде и успешна работа на форумската сесија за Општинскиот буџет за 2026 година. Елица им се заблагодари на граѓаните за присуството на сесијата, која овозможува директно учество на граѓаните во процесот на донесувањето одлуки на локално ниво, транспарентно и отчетно работење на општинската администрација и зголемување на довербата во локалната самоуправа. Ги претстави модераторот Борис Шарковски и ко-модераторката Невенка Лонгурова Гирова – консултанти од Фондација за развој на локалната заедница.

Елица ги поздрави присутните од Градоначалникот Александар Китански и им се извини во негово име за неговото оправдано отсуство.

Модераторот Борис ги запозна граѓаните која е целта на форумската сесија, со агендата и тоа дека преку буџетскиот форум ќе добијат целосен увид во приходите и расходите на општината и со свои предлози ќе учествуваат во креирањето на општинскиот буџет за 2026год. во рамките на приоритетите за развој на општината за наредната година. Предложените

и избрани приоритетни програми и проекти, локалната самоуправа треба да ги има во предвид при изработката на буџетските трошоци за наредната година. Им објасни како функционираат форумите, што треба да прават и ги распредели граѓаните по групи. Направени беа 6 работни маси: Животна средина – Урбанизам – Образование, Млади и спорт, Здравствена и социјална заштита, Пензионери, Култура и НВО, Општинска администрација, Совет на општина Пехчево и Бизнис сектор.

Потоа Елица даде кратка презентација за реализираните проекти, проекти кои се во тек на реазлизација и аплицирани проекти.

По презентацијата на Елица, зема збор Анетка Цветковска, Раководител на одделение за финансиски прашања во општина Пехчево. Анетка ја презентираше својата презентација од делот за финансии. Објасни што претставува буџетот, што го сочинува, од што се полни, колкав е буџетот на општина Пехчево со кој располага.

Потоа секоја работна маса ги презентираше своите предложени проекти.

ПРЕДЛОЗИ ОД ПРВАТА ФОРУМСКА СЕСИЈА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ПО РАБОТНИ МАСИ

РМ: ЖИВОТНА СРЕДИНА, УРБАНИЗАМ И ОБРАЗОВАНИЕ

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Уредување на просторот околу старата училишна зграда
2.	Уредување на просторот помеѓу градинката и спортската сала (мултинаменски простор)
3.	Осветлување и оградување на училишниот двор и спортската сала
4.	Ревитализација на паркот „Езерце“
5.	Основање и уредување на младински центар
6.	Поставување на фотоволтаици на филтер станицата
7.	Набавка на пумпа за одзатнување на канализација

8.	Набавка на повеќенаменско возило за комуналното претпријатие
9.	Набавка на механизација за метење и собирање на лисја (правосмукалка)
10.	Набавка на плуг за чистење на снег на ЈБЦ скип

РМ: МЛАДИ И СПОРТ

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Субвенционирање на млади за стекнување со возачка дозвола – Б категорија
2.	Зголемување на буџетот за ЛМС (одвојување на законски пропишаниот процент)
3.	Поставување на софистицирана урбана опрема (полначи, соларни клупи...)
4.	Вклучување на младите во планирањето на фестивалот
5.	Навремено испраќање на материјалите за совет до ЛМС
6.	Отварање на младински центар
7.	Пешачка и велосипедска патека Пехчево – с. Чифлик
8.	Детско игралиште кај просторот на ул.Буковик со клупички и реквизити за деца

РМ: ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Обезбедување на чиста вода за пиење во с. Црник
2.	Пристапен пат од чекалната до с. Црник
3.	Реконструкција на амбулатната во с. Црник
4.	Прифатилиште за кучиња
5.	Изградба на лифт во Здравствен дом – Пехчево

6.	Обезбедување на стручни лица (дефектолог и логопед) во ОЈУДГ „7 Септември“
7.	Обезбедување на сензорна соба во ОЈУДГ „7 Септември“
8.	Набавка на дигитален мамограф и рентген апарат

РМ: ПЕНЗИОНЕРИ

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Поддршка на здружението на пензионери од страна на општината
2.	Вградување на лифт во Здравствен дом – Пехчево
3.	Доделување на дел пожарниот дом на користење и сопственост на Здружението на пензионери – Пехчево, согласнопотпишаниот договор

РМ: КУЛТУРА И НВО

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Набавка на платно за проекција на филмови
2.	Уредување на просторот пред стадионот
3.	Осветлување и атмосферска канализација на ул. „Јулија Веселинска“
4.	Уредување и осветлување на просторот зад Дом на култура
5.	Поставување на вендинг машини за рециклирање на пластичен отпад
6.	Чистење на реката и уредување на кејот
7.	Мурал со ликот на Мето Јовановски

РМ: ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Техничка документација за речното корито
2.	Уредување на кејот
3.	Уредување на просторот кај градските гробишта
4.	Уредување на просторот помеѓу општинската зграда и ООУ „Ванчо Китанов“
5.	Уредување на повеќе детски игралишта
6.	Реконструкција локалниот пат кон Равна река
7.	Израдба на пешачки патеки во и надвор од општината
8.	Донесување на Детален урбанистички план за Општина Пехчево

РМ: СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО И БИЗНИС СЕКТОР

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Реконструкција и доопремување на филтер станицата
2.	Реконструкција на локален пат во с. Црник
3.	Реконструкција на оштетените улици во Општина Пехчево
4.	Набавка на механизација за чистење на снег
5.	Улично осветлување
6.	Одделување на средства за фудбалскиот клуб „Напредок – 2025“
7.	Реконструкцинја на селските игралишта
8.	Реконструкција на општинските објекти
9.	Ревитализација на паркот „Езерце“

ДОСТАВЕНИ ДО ФОРУМОТ ОД НВО И ГРАЃАНИ

Р.бр.	Наслов на проектот
1.	Воспоставување на систем за собирање на пластичен отпад
2.	Организирање на музејска поставка
3.	Воспоставување на сервис за стари лица
4.	Уредување на просторот под црквата
5.	Кружен тек во центарот
6.	Современто осветлување на ул. „Јулија Веселинска“
7.	Уредување на просторот пред стадионот
8.	Регулација на реката
9.	Изгадба на паркинг кај кланицата
10.	Градски парк
11.	Парк во месноста Шуманова чешма
12.	Изградба на градски базен
13.	Поголема конторола на експлоатацијата на глина
14.	Поставување на нови и современи клупи со урбан изглед
15.	Поставување на унифицирани корпи за отпадоци
16.	Поставување на QR кодови на сите значајни објекти во општината
17.	Мурал со ликот на Мето Јовановски на ѕидот кај кланицата и уредување на околниот простор со клупи и летна сцена
18.	Чистење и уредување на речното корито
19.	Поставување на маси за шах на плоштадот

20.	Промена на системот за греење во домот на културата
21.	Обезбедување на чиста вода за пиење во с. Црник
22.	Организирање на редовен и организиран систем за собирање на отпадот во с. Црник
23.	Осветлување со нови ЛЕД светилки во с. Црник
24.	Изградба на ново детско игралиште во централниот дел на селото
25.	Асфалтирње на неасфатлираните улици во с. Црник
26.	Воспоставување на локални програми за поддршка на претприемништвото
27.	Воспоставување на јавен превоз до селата во општината
28.	Воведување на редовни теренски услуги на институциите во селата
29.	Реконструкција на селскиот дом во с. Црник
30.	Чистење на реката Желевица
31.	Редовно присуство на матични лекари во селата во општина Пехчево
32.	Реактивирње на месните заедници во руралните средини (онаму каде што не се активни)

По презентирањето на предложените проекти Борис им се заблагодари на присутните за присуството и ги покани на втората форумска сесија која ќе се одржи на 2 декември, на која ќе се изберат најбитните и најприоритетни проекти од предложените.

Следуваше коктел.

Записничар

Моника Шехтанска Миовска